**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Трајковски, с.р.**

Врз основа на член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), член 46-в став (1) алинеја 9 од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 и 12/14), член 4 став (1) алинеја 11 од Одлуката за формирање на Локален младински Совет на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.12/14) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), расправајќи по извештајот за работата на Локалниот младински Совет на Општина Гази Баба, бр.09-1872/1 од 05.05.2015 година, Советот на Општина Гази Баба на Триесет и втората седница одржана на ден 20.05.2015 година, донесе

## З А К Л У Ч О К

## ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РАБОТАТА НА ЛОКАЛНИОТ МЛАДИНСКИ СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА

1. Советот на Општина Гази Баба го усвојува извештајот за работата на Локалниот младински Совет на Општина Гази Баба, бр.09-1872/1 од 05.05.2015 година.

2. Се задолжува општинската администрација да ги објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба" следните акти донесени од Локалниот младински Совет на Општина Гази Баба:

- Деловник за работа на Локалниот младински Совет на Општина Гази Баба, бр.09-755/2 од 27.02.2015 година; и
- Одлука за изглед и содржина на печат на Локален младински Совет на Општина Гази Баба, бр.09-1442/3 од 03.04.2015 година.

3. Актите од точка 2 на овој заклучок да се објават во "Службен гласник на Општина Гази Баба", во посебна рубрика издвоени од останатите акти донесени од Советот на Општина Гази Баба.

4. Заклучокот да се достави до Локалниот младински Совет на Општина Гази Баба.

5. Овој заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 09-2003/11**
**од 20.05.2015 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**м-р Милан Андоновски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 и 12/14), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ЗАПОЧНУВАЊЕ НА ПОСТАПКА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ДОГОВОР ЗА ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА ЈАВНО ПРИВАТНО ПАРТНЕРСТВО, ЗА ИЗГРАДБА НА СПОРТСКИ КОМПЛЕКС "ФУДБАЛСКИ ТРЕНИНГ ЦЕНТАР"**

1. Се објавува Одлуката за започнување на постапка за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство, за изградба на спортски комплекс "Фудбалски тренинг центар", што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на ден 20.05.2015 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-2087/10**
**од 20.05.2015 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Трајковски, с.р.**

Врз основа на член 17 став (4) и член 18 од Законот за концесии и јавно приватно партнерство ("Службен весник на РМ" бр.6/12 и 144/14), член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), Одлуката за давање на трајно користење на градежно земјиште на Општина Гази Баба, бр.42-2641/1 од 24.03.2015 година ("Службен весник на РМ" бр.51/15), Одлуката за давање согласност за спроведување на постапка за јавно приватно партнерство на градежно земјиште со право на трајно користење, бр.42-4076/1 од 28.04.2015 година ("Службен весник на РМ" бр.72/15) и Физибилити студијата за оправданоста на доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за изградба на Спортски комплекс "Фудбалски тренинг центар" бр.03-4585/4 од 19.11.2014 година, (тех.бр. 1911/2014 од 19.11.2014 година и Решение на Градоначалникот бр.08-900/2 од 6.03.2015 година) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр. 4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на Триесет и втората седница одржана на ден 20.05.2015 година, донесе

## О Д Л У К А

## ЗА ЗАПОЧНУВАЊЕ НА ПОСТАПКА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ДОГОВОР ЗА ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА ЈАВНО ПРИВАТНО ПАРТНЕРСТВО, ЗА ИЗГРАДБА НА СПОРТСКИ КОМПЛЕКС "ФУДБАЛСКИ ТРЕНИНГ ЦЕНТАР"

### Член 1

Со оваа одлука започнува постапката за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за изградба на Спортски комплекс "Фудбалски тренинг центар".

### Член 2

(1) Предмет на јавно приватно партнерство е изградба на Спортски комплекс "Фудбалски тренинг центар" на КП 2138/1 за КО Маџари, запишана во имотен лист 67470 за КО Маџари, Општина Гази Баба, на градежната парцела ГП 2.2 Блок 2, од ДУП за Градска четврт СИ.10, во согласност со Изводот од Урбанистичкиот план за Општина Гази Баба, донесен од Советот на Општина Гази Баба со Одлука број 07-4426/5 од 17.11.2014 година, намена на градба Б6 - градби за собири - Спортски комплекс "Фудбалски тренинг центар" и вкупна површина од 32.660 м2.

(2) Спортскиот комплекс "Фудбалски тренинг центар" ќе биде во сопственост на Општина Гази Баба, во замена за финансирање, дизајнирање, користење, управување и одржување од приватниот партнер, за период од најмалку 10 години до најмногу 35 години.

### Член 3

Со доделувањето на договорот за воспоставување на јавно приватно партнерство се остваруваат следните цели:

(1) популаризација и унапредување на спортот на подрачјето на Општина Гази Баба;

(2) подобрување на условите за одржување на тренинзи и спортски натпревари во Општина Гази Баба;

(3) овозможување на поголем број на жители на Општина Гази Баба да тренираат во Спортскиот комплекс "Фудбалски тренинг центар";

(4) изградба на современ енергетски ефикасен објект, во согласност со

стандардите за изградба и стандардите кои треба да ги исполнуваат спортските сали во кои се одржуваат спортски натпревари;

(5) подобрување на квалитетот на услугите во областа на фудбалот со примена на стандардите на ФИФА и УЕФА;

(6) заштеда на финансиски средства на Општина Гази Баба преку користење на бенефициите од концептот на јавно-приватно партнерство;

(7) отворање можности за нови вработувања во општината, поради активностите кои ќе ги врши приватниот партнер; и

(8) соработка помеѓу Општина Гази Баба и приватниот сектор заради поттикнување на јавно приватно партнерство.

**Член 4**

Постапката за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за изградба на Спортски комплекс "Фудбалски тренинг центар", Општина Гази Баба ја спроведува како отворена постапка, во согласност со условите и на начинот предвидени во Законот за јавните набавки, без користење на електронска аукција, освен ако биде востановен електронски систем за електронска аукција од Министерството за економија.

**Член 5**

Изградбата на Спортскиот комплекс "Фудбалски тренинг центар" е главен предмет на договорот за јавно приватно партнерство и истиот ќе се воспостави како комбиниран договор, односно концесија за јавна работа и концесија за јавна услуга.

**Член 6**

Се овластува Градоначалникот на Општина Гази Баба, по влегување во сила на оваа Одлука да формира Комисија за спроведување на постапката за доделување на договор за јавно приватно партнерство, која се состои од претседател и најмалку 4 (четири) члена, и нивни заменици.

**Член 7**

(1) Комисијата за спроведување на постапка за доделување на договор за јавно приватно партнерство е должна во рок од 30 дена од денот на нејзиното формирање да ја подготви тендерската документација, која ја одобрува Градоначалникот на Општина Гази Баба.

(2) По одобрувањето на тендерската документација за доделување на договор за јавно приватно партнерство од страна на Градоначалникот на Општина Гази Баба, Комисијата за спроведување на постапка за доделување на договор за јавно приватно партнерство во рок од 20 дена ќе го објави огласот за доделување на договор за јавно приватно партнерство во согласност со Законот за јавните набавки.

**Член 8**

(1) Одобрението за градење на Спортскиот комплекс "Фудбалски тренинг центар" ќе се издаде на име на Општина Гази Баба.

(2) Барањето за издавање на одобрението за градење ќе се поднесе по завршувањето на тендерската постапка, односно по изборот на приватниот партнер како најповолен понудувач и склучувањето на договорот за воспоставување на јавно приватно партнерство.

(3) Постапката за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство, ќе се спроведе најдоцна во рок од една година од денот на влегувањето во сила на оваа одлука.

**Член 9**

(1) Право на учество во постапката за доделување на договор за јавно приватно партнерство имаат сите економски оператори кои ќе докажат дека поседуваат соодветни ресурси за обезбедување на услугите и работите кои се предмет на постапката за доделување на договорот за јавно приватно партнерство и кои ја подигнале тендерската документација во предвидениот рок.

(2) Критериумите за избор на најповолен понудувач и условите кои треба да ги исполнуваат кандидатите ќе бидат прецизно наведени во огласот и тендерската документација за доделување на договор за јавно приватно партнерство.

(3) За подигнување на тендерската документација не се наплаќа надоместок.

**Член 10**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 09-2003/12**
**од 20.05.2015 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**м-р Милан Андоновски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 и 12/14), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА СО КОЈА СЕ УТВРДУВА ПОТРЕБА ОД ИЗМЕНА НА УРБАНИСТИЧКО-ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА, СО КОЈА ЌЕ СЕ ИЗВРШИ ПРОМЕНА ВО НАМЕНАТА НА ЗЕМЈИШТЕТО, ПО БАРАЊЕ УП1 БР.28-1511 ЗА КП 1543 КО ГАЗИ БАБА

1. Се објавува Одлуката со која се утврдува потреба од измена на урбанистичко - планска документација, со која ќе се изврши промена во намената на земјиште, по барање УП1Бр.28-1511 за КП 1543 КО Гази Баба, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на ден 20.05.2015 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-2087/11**
**од 20.05.2015 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Трајковски, с.р.**

Врз основа на член 10 став (4) од Законот за постапување со бесправно изградени објекти ("Службен весник на РМ" бр.23/11, 54/11, 155/12, 53/13, 72/13, 44/14, 115/14 и 119/14), член 2 став (1) алинеја 5 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко-планска документација ("Службен весник на РМ" бр.56/11, 162/12, 95/13 и 109/14), член 22 став (1) точка 1 и член 36 став (1) точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на Триесет и втората седница одржана на ден 20.05.2015 година, донесе

## О Д Л У К А

## СО КОЈА СЕ УТВРДУВА ПОТРЕБА ОД ИЗМЕНА НА УРБАНИСТИЧКО-ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА, СО КОЈА ЌЕ СЕ ИЗВРШИ ПРОМЕНА ВО НАМЕНАТА НА ЗЕМЈИШТЕТО, ПО БАРАЊЕ УП1 БР.28-1511 ЗА КП 1543 КО ГАЗИ БАБА

### Член 1

Во врска со поднесеното барање за утврдување на правен статус на бесправен објект од локално значење зграда, со УП1бр.28-1511 од 07.04.2011 година од страна на **Радован Цековски** од Скопје, а се однесува на објект бр.1 со намена А1-семејна куќа и бесправниот објект зграда бр.2 со намена ПО-помошен објект кој се наоѓа на КП 1543 КО Гази Баба, ул."Перо Наков" бр.5 Скопје, Советот на Општина Гази Баба констатира дека може да се изврши промена на намената на планирана детска градинка во урбанистичко-планска документација, согласно член 2 став (1) алинеја 5 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко-планска документација ("Службен весник на РМ" бр.56/11, 162/12, 95/13 и 109/14).

Бесправниот објект е изграден на земјиште на кое е планирана детска градинка,предвидено со Детален урбанистички план за Локалитет "ЌЕРАМИДНИЦА" УРБАН БЛОК 2, усвоен од Советот на Општина Гази Баба со Одлука бр.07-2502/5 од 13.06.2006 година ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06).

### Член 2

Се утврдува потреба од донесување на урбанистичко-планска документација на подрачјето на Општина Гази Баба, заради усогласување на намената на земјиштето и вклопување на бесправно изградените објекти.

Со цел вклопување на бесправно изградените објекти од став 1 од овој член, ќе се изработи и донесе урбанистичко-планска документација.

### Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 09-2003/13**
**од 20.05.2015 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**м-р Милан Андоновски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 и 12/14), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА СПОРТ, НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2015 ГОДИНА**

1. Се објавува Програмата за изменување на Програмата за спорт, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2015 година, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на ден 20.05.2015 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 08-2087/12**
**од 20.05.2015 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Трајковски, с.р.**

Врз основа на член 22 став (1) точка 6, член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на Триесет и втората седница одржана на ден 20.05.2015 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**

**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА СПОРТ, НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2015 ГОДИНА**

1. Во Програмата за спорт на подрачјето на Општина Гази Баба за 2015 година ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.14/14), во точка **"I. Средства за тековни активности на спортските друштва"** кај спортските друштва, зборовите "Фудбалски клуб Младост Ергеле" се заменуваат со зборовите **"КИК БОКС КЛУБ "СКОПЈЕ",** зборовите "Фудбалски клуб Страчинци" се заменуваат со зборовите **"ТАЕКВОНДО КЛУБ "АХИЛИУС",** зборовите "Фудбалски клуб Стајковци 2013" се заменуваат со зборовите **"БОКСЕРСКИ КЛУБ "АПЕРКАТ"** и зборовите "Фудбалски клуб Слога 77" **се бришат.**

Во делот на "Вкупно средства за спортските друштва" износот "1.103.000" се заменува со износот **"1.088.000".**

2. Во точка **"II. Средства за спортски турнири и манифестации"** по зборовите "н.м Хиподром" се дополнува текстот со:

**•Предновогодишен турнир во фудбал "СПОРТУВАМЕ СРЕЌНИ СМЕ" во организација на ОФС Гази Баба. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .30.000,00**

**•Турнир во одбојка за девојки "ГАЗИ БАБА ВОЛЕЈ" по повод денот на Општина Гази Баба . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .30.000,00**

**•Трка во планинско трчање "ГАЗИ БАБА ТРАИЛ" . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .30.000,00**

Во делот на "Вкупно средства за спортски турнири и манифестации" износот "410.000" се заменува со износот **"500.000".**

3. Во точка **"III. Средства за поддршка на младинските категории во Општинската фудбалска лига",** зборовите "Фудбалски клуб Гоце Делчев" се заменуваат со зборовите **"ФУДБАЛСКИ КЛУБ СКОПСКО ПОЛЕ"** и зборовите "Фудбалски клуб Стајковци 2013" се бришат.

Во делот на "Вкупно средства за поддршка на младинските категории во Општинската фудбалска лига" износот "150.000" се заменува со износот **"120.000".**

4. Во точка **"IV. Средства за поддршка на ревијални спортски настани, промоции и манифестации за популаризација на спортот"**, износот "60.000" се заменува со износот **"15.000"**.

5. Во делот на **"ВКУПНО ЗА СИТЕ СТАВКИ"**

**Средства за спортските друштва: . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 1.088.000,00 денари**
**Средства за спортски турнири и манифестации: . . . . . . . . . . . . . . . . . . .500.000,00 денари**
**Средства за поддршка на младинските категории во општинската фудбалска лига: . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .120.000,00 денари**

**Средства за поддршка на ревијални спортски настани, промоции и манифестации за популаризација на спортот . . . . . . . . . .15.000,00 денари**

**Средства за индивидуални спортисти од Гази Баба кои учествуваат на спортски натпревари и турнири од европски или светски ранг . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .150.000,00 денари**

**ВКУПНО: . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .1.873.000.00 денари**

6. Табеларниот преглед е составен дел на оваа програма.

7. Оваа програма влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 09-2003/14**
**од 20.05.2015 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**м-р Милан Андоновски, с.р.**

Врз основа на Статутарната одлука за дополнување на Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.12/14) и член 4 став (1) алинеја 2 од Одлуката за формирање на Локален младински совет на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.12/14), Локалниот младински совет на Општина Гази Баба, на Втората седница одржана на 27.02.2015 година, донесе

# Д Е Л О В Н И К

## ЗА РАБОТА НА ЛОКАЛНИОТ МЛАДИНСКИ СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА

### I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Со овој Деловник детално се уредува начинот на конституирање на Локалниот младински совет на Општина Гази Баба ( во понатамошниот текст: Локален младински совет), изборот на претседател на Локален младински совет и неговиот заменик, правата, обврските и одговорностите на членовите на Локалниот младински совет, начинот и постапката на донесување на актите на Локалниот младински совет, свикувањето, работата и текот на седниците и други прашања кои се значајни за работата на Локалниот младински совет.

### II. КОНСТИТУИРАЊЕ НА ЛОКАЛНИОТ МЛАДИНСКИ СОВЕТ

**Член 2**

Конститутивната седница на Локалниот младински совет ја свикува и со нејзе раководи претседателот од претходниот состав на Локалниот младински совет, се до изборот на нов.

Локалниот младински совет е конституиран со изборот на претседател.

На конститутивната седница се избира претседател и заменик претседател, доколку на седницата се присутни мнозинство на членовите.

### III. ПРАВА И ДОЛЖНОСТИ НА ЧЛЕНОВИТЕ НА ЛОКАЛНИОТ МЛАДИНСКИ СОВЕТ

**Член 3**

Локалниот младински совет ги врши следните работи:

- разгледува прашања кои се важни за работата на Локалниот младински совет;
- донесува Деловник за работа на Локалниот младински совет;
- го избира и разрешува претседателот на Локалниот младински совет;
- учествува во работата на младинскиот парламент и именува свој член во истиот;
- поднесува предлози до Советот на Општина Гази Баба за идентификувани проблеми на младите на локално ниво и начини за нивно можно решавање;
- поднесува предлози до Советот на Општина Гази Баба за донесување одлуки, програми и други акти за подобрување на состојбата на младите на локално ниво;
- дава мислење по одлуки, програми и други акти кои се од надлежност на Советот на Општина Гази Баба, а кои ги засегаат младите на локално ниво;

- изработува извештаи до надлежните органи за програмите на младите, а по потреба предлага донесува програма за решавање на проблемите, со цел подобрување на состојбата на млади на локално ниво;
- предлага мерки за остварување и спроведување на одлуки и програми за грижа на млади;
- организира работилници, предавања трибини, кампањи, манифестации и други активности во врска со младинските прашања;
- информира и промовира за активностите на Локалниот младински совет;
- поттикнува соработка со младински организации од други градови на Република Македонија и
- врши други работи.

**Член 4**

Членот на Локалниот младински совет ги добива материјалите за темите кои се на дневен ред на седницата на Советот два дена пред одржувањето.

Членот на Локалниот младински совет има право да побара стручна помош од општинската администрација во извршувањето на неговата функција и објаснување заради потполно запознавање и следење на проблемот за одредени теми.

## IV. ПРАВА И ДОЛЖНОСТИ НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ И ЗАМЕНИК ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ЛОКАЛНИОТ МЛАДИНСКИ СОВЕТ

**Член 5**

Локалниот младински совет има претседател и заменик претседател.

Претседателот и заменикот претседател на Локалниот младински совет се избираат со мнозинство гласови од присутните членови.

Претседателот го застапува и претставува Локалниот младински совет.

Претседателот на Локалниот младински совет ги свикува и раководи со седниците на Локалниот младински совет и се грижи за организацијата и работата на Локалниот младински совет.

Во отсуство или било каква спреченост на претседателот, неговите обврски ги извршува заменик претседателот.

**Член 6**

Локалниот младински совет ги донесува актите во согласност со Одлуката за формирање на Локален младински совет на Општина Гази Баба, а ги потпишува претседателот на Локалниот младински совет.

Во случја на спреченост на претседателот, актите ги потпишува заменик претседателот на Локалниот младински совет.

Актите и сета документација се чуваат грижливо во општинската администрација.

**Член 7**

Овластен за толкување на одлуките на Локалниот младински совет се членовите на Локалниот младински совет и советот на општината.

## V. СЕДНИЦИ НА ЛОКАЛНИОТ МЛАДИНСКИ СОВЕТ

*Свикување на седниците*

**Член 8**

Локалниот младински совет одржува редовни седници по потреба, но најмалку еднаш во два месеци.

Седниците на Локалниот младински совет ги свикува претседателот.

Претседателот на Локалниот младински совет може да свика и вонредна седница на сопствена иницијатива, а должен е да свика седница и на барање на најмалку една третина од членовите на Локалниот младински совет, во рок од 30 дена од приемот на предлогот.

**Член 9**

Седниците на Локалниот младински совет се свикуваат писмено.

Поканата за седниците и сите материјали кои се однесуваат на предлог дневниот ред им се доставуваат на членовите на Локалниот младински совет, најдоцна два дена пред одржување на седницата.

Поканата и материјалите исто така можат да бидат доставени и по електронски пат.

*Дневен ред*

**Член 10**

Дневниот ред на седниците го предлага претседателот на Локалниот младински совет.
Во предлог дневниот ред се внесуваат сите предлози кои се дадени од страна на овластените предлагачи.

Дневниот ред на седниците се утврдува на почетокот на седницата.

Претседателот и членовите на седницата може да предложат измена или дополнување на предложениот дневен ред.

Предлогот за измена или дополнување на предложениот дневен ред задолжително се става на гласање, и истиот станува составен дел на дневниот ред доколку биде изгласан со мнозинство од присутните членови на Локалниот младински совет.

Доколку се предлага дополнување на дневниот ред, мора да се обезбеди и материјал за дополнителната точка.

Откако дневниот ред ќе се утврди, претседателот го објавува истиот.

**Член 11**

Со седниците на Локалниот младински совет претседава претседателот, а во негово отсуство неговиот заменик.

Во работата на седницата на Советот можат да учествуваат членовите на Советот и други лица кои ги поканил претседателот на Советот, со претходно известување до членовите на Локалниот младински совет.

Член на Локалниот младински совет може да зборува за секоја точка поодделно само по пет минути.

*Тек на седницата*

**Член 12**

После отворањето на седницата, а пред утврдување на дневниот ред претседателот на Локалниот младински совет го утврдува бројот на присутни на седницата.

Ако претседателот утврди дека на седницата нема кворум за работа, тој ја одложува седницата за друг ден и време.

Седницата ќе се прекини и одложи и во случај кога за време на седницата ќе се утврди дека нема кворум за работа на Локалниот младински совет.

*Одлучување*

**Член 13**

За донесување на одлуки или други акти на седниците на Советот потребно е присуство на мнозинство на членови.

Одлуките и актите Советот ги носи со мнозинство на гласови.

*Гласање*

**Член 14**

Гласањето на седниците е јавно.

Јавното гласање се спроведува со кревање на рака. Членот се изјаснува **"ЗА", "ПРОТИВ"** или **"ВОЗДРЖАН".**

Кај утврдувањето на дневниот ред се гласа со **"ЗА"** или **"ПРОТИВ"**.

Членовите ги прозива и гласовите ги пребројува претседателот.

Претседателот ги објавува резултатите од гласањето.

## VI. ЗАПИСНИЦИ

**Член 15**

За работата на седниците се води записник.

Записникот содржи основни податоци за работата на седницата, за изнесените предлози, за учеството во расправата како и за носењето на одлуките.

Во записникот се внесуваат и резултатите од гласањето по поедини точки.

Секој член на Локалниот младински совет има право да на почетокот на седницата да изнесе забелешки на записникот од претходната седница.

За записникот за кој нема забелешки, односно за записникот за кој се прифатени измените се смета за усвоен.

Усвоениот записник го потпишува претседателот на Локалниот младински совет.

Записниците се чуваат во општинската администрација.

Записникот го води член на Локалниот младински совет.

## VII. ЈАВНОСТ ВО РАБОТАТА

**Член 16**

Седниците на Локалниот младински совет се јавни.

Јавноста мора да ја следи работата на Локалниот младински совет, но не смее да пречи во неговата работа.

За работата на Локалниот младински совет, јавноста се известува по пат на средствата за јавно информирање и веб страницата на општината.

## VIII. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 17**

За прашања кои не се уредени со овој Деловник, се применуваат одредбите од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба.

**Член 18**

Овој Деловник влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба" .

**Бр.09-755/2**
**од 27.02.2015 година**
**Скопје**

**ЛОКАЛЕН МЛАДИНСКИ СОВЕТ**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**
**Претседател,**
**Мартина Спасовска, с.р**

Врз основа на член 3, член 6 и член 13 од Деловникот за работа на Локалниот младински совет на општина Гази Баба, Локалниот младински совет на седницата одржана на ден 03.04.2015 година, ја донесе следнава

**О Д Л У К А**

**ЗА ИЗГЛЕД И СОДРЖИНА НА ПЕЧАТ НА ЛОКАЛЕН МЛАДИНСКИ СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**

**Член 1**

Со оваа одлука се одредува изгледот и содржината на печатот на Локалниот младински совет на општина Гази Баба.

**Член 2**

Печатот на Локалниот младински совет ќе има кружна форма на која ќе биде испишано Република Македонија - Скопје, Локален младински совет - Општина Гази Баба, а во средината на истиот ќе стои грбот на општина Гази Баба.

**Член 3**

За чување и раководење со печатот на Локалниот младински совет одговорен е Претседателот на Локалниот младински совет, а во негово отсуство, со печатот располага заменик претседателот.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

**Број 09-1442/3**
**од 03.04.2015 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Мартина Спасовска, с.р.**

## СОДРЖИНА

"Службен гласник на Општина Гази Баба"

Издавач: Општина Гази Баба | главен и одговорен уредник: Васко Апостоловски
бул. Александар Македонски бб - Скопје | тел: 3 22 28 76, 3 22 56 55 | тираж: 100 примероци

# СОДРЖИНА

**ОДЛУКА** за изменување на Одлуката за воспоставување на Службено гласило на Општина Гази Баба . . . . . . . . . . . . 4

**ОДЛУКА** за изменување на Одлуката за одобрување на финансиски средства за исплата на надоместок, за претрпена штета од природна непогода (невреме) на 23.06.2013 година . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 6

**ОДЛУКА** за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на дополнителен критериум за определување на подрачјата на облиците на месната самоуправа, при спроведување на избори за советите на облиците на месната самоуправа . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 8

**ОДЛУКА** за утврдување на услови за начинот на градење, во село Јурумлери – Општина Гази Баба, за кое нема урбанистички план . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 10

**ОДЛУКА** за утврдување на услови за начинот на градење, во село Гоце Делчев – Општина Гази Баба, за кое нема урбанистички план . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 20

**ОДЛУКА** за утврдување на Нацрт – Урбанистички план вон населено место, за изградба на индустриска зона на локалитет заобиколница од клучка „Хиподром„ до клучка „Сингелиќ„ , Општина Гази Баба – Скопје . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 28

**ОДЛУКА** за ослободување од плаќање на комунална такса за користење и одржување на јавно осветлување . . . . . 39

**ОДЛУКА** за воведување во употреба и давање на согласност за користење на печат на Локалниот младински Совет на Општина Гази Баба . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 41

**ЗАКЛУЧОК** за усвојување на извештајот на Локалниот младински Совет на Општина Гази Баба . . . . . . . . . . . . . . . . 43

**ОДЛУКА** за започнување на постапка за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство, за изградба на спортски комплекс ''Фудбалски тренинг центар'' . . . . . . . . . . . . . . . 45

**ОДЛУКА** со која се утврдува потреба од измена на урбанистичко – планска документација, со која ќе се изврши промена во намената на земјиште, по барање УП1Бр.28–1511 за КП 1543 КО Гази Баба . . . . . . . . 48

**ПРОГРАМА** за изменување на Програмата за спорт, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2015 година . . . . . . . . 50

**ЛОКАЛЕН МЛАДИНСКИ СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**

**ДЕЛОВНИК** ЗА РАБОТА НА ЛОКАЛНИОТ МЛАДИНСКИ СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 52

**ОДЛУКА** ЗА ИЗГЛЕД И СОДРЖИНА НА ПЕЧАТ НА ЛОКАЛЕН МЛАДИНСКИ СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА . . . . . . . . 57

**"Службен гласник на Општина Гази Баба" бр. 7/15**
**32 седница**

Издавач: Општина Гази Баба | главен и одговорен уредник: Васко Апостоловски
ул. Архимедова бр.2 - Скопје | тел: 3 22 28 76, 3 22 56 55 | тираж: 20 примероци